Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Бр. 04-1844/11
26-06-2025 2025 год.

Врз основа на член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19, 154/19 и 121/24), член 21 став 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20, 208/24 и 210/2024), член 13, член 14 став 2, член 15, член 16, член 17 став 2 и член 22 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), член 97 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 65/18), а во врска со Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за храна и ветеринарство бр. 01-7655/5 од 16.12.2015 година со сите негови измени, директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за исправка на одлука

1.Со ова Решение се врши исправка на Одлуката за избор на кандидати по јавен оглас бр.2/2025 со архивски број 04-1844/9 од 10.06.2025 година.

2 Во горенаведената одлука во член 1 за работното место под број 4, зборовите „Соработник за идентификација на ризик во Одделение за проценка на ризик, Сектор за проценка и комуникација на ризик" се заменува со зборовите „Помлад соработник за следење на здравствена заштита на животните во Одделение за здравствена заштита на животните, Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните".

3.Останатите точки од Одлуката за избор на кандидати по јавен оглас бр.2/2025 со архивски број 04-1844/9 од 10.06.2025 година, во целост остануваат непроменети.

4.Решението влегува на сила со денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По спроведената постапка на јавен оглас бр.2/2025 објавен на 26.05.2025 година за вработување на 20 вработени на определено време до 30.11.2025 година во Агенцијата за храна и ветеринарство донесена е Одлуката за избор на кандидати по јавен оглас бр.2/2025 со архивски број 04-1844/9 од 10.06.2025 година, направена е техничка грешка во член 1 за работното место под број 4, зборовите „Соработник за идентификација на ризик во Одделение за проценка на ризик, Сектор за проценка и комуникација на ризик" се заменува со зборовите „Помлад соработник за следење на здравствена заштита на животните во Одделение за здравствена заштита на животните, Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните".

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на донесувањето на ова решение до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Директор
д-р Оливер Миланов

Доставено до:
- Именуваниот
- Одделение за човечки ресурси

qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.10994/0